ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Општина Свети Николе, сметка на основен буџет (630) за 2021 година.

**Предмет на ревизија:**

Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност.

**Цел на ревизијата:** Дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**
- отсуство на пишани процедури и поделба на должности;
- неизвршена репроценка на пазарната вредност на недвижен имот;
- за побарувањата по основ на данок на имот нема утврдена старосна структура;
- издавање на општински имот под закуп без соодветна постапка;
- нередовна наплата на надомест за уредување на градежно земјиште и на комунални такси.

**Издадено мислење *:**
Изразивме неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај, како и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**
- воспоставување на пишани процедури;
- репроценка на недвижен имот и преземање на податоци за легализирани објекти;
- утврдување на старосна структура побарувањата и пресметка на камата;
- постапка за издавање на имот под закуп;
- следење на договорите, активирање на банкарска гаранција и навремена наплата на надоместоците и таксите.

**Клучни системски слабости:**
- законска неусогласеност на евидентирање на недвижностите во регистрите што ги водат ЕЛС и АКН;
- општината нема информации за средствата од приходите во буџетот од закуп на земјоделско земјиште утврдено со Законот за земјоделско земјиште;
- законските одредби за комуналната такса што се плаќа при регистрација на возила и
- законските одредбите кои уредуваат комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**
/

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk